РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0801-216/11
10.09 2019 год.

Градоначалник на Општина Свети Николе
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

Градоначалникот на општина Свети Николе м-р Сашо Велковски, објавува Јавен повик за пријавување на превозници за општински линиски превоз како јавна служба во општина Свети Николе

**ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

Општина Свети Николе го објавува овој јавен повик, иницирано како барање од жителите на поголемите рурални средини во општина Свети Николе за општински линиски превоз,како јавна служба, а согласно Законот за патен сообраќај и Одлуката на Совет општина Свети Николе за уредување на превозот во патниот сообраќај на подрачјето на ЕЛС Свети Николе

**ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

Право на учество на јавниот повик имаат сите превозници кои поседуваат лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници

**ПОСТАПКА**

Барателите,лиценцирани превозници, за вршење на општински линиски превоз на патници, до градоначалникот на општина Свети Николе поднесуваат Барање за дозвола за вршење на општински линиски превоз на патници со
1.Копија од лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници
2.Регистриран возен ред и
3.Ценовник за користење на определена линија.

Се охрабруваат сите лиценцирани превозници да се јават на јавниот повик кој трае до 17ти Септември 2019 година до 12 часот. Барањето од превозниците за учество во превозот се поднесува во едношалтерски систем при општина Свети Николе , кај лицето Татјана Лазарова.

Датум: 10.09.2019година

Градоначалник
на Општина Свети Николе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ